**20260540916**

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

☐Врз основа на член 174, став (6) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 12 март 2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА УВИД ВО ПОДАТОЦИТЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ТРАНСАКЦИИ НА ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Предмет**

Со овој правилник се утврдуваат критериумите за овозможување увид во податоци за остварени трансакции на пазарот на електрична енергија на субјектите од член 174 ставови (1), (2) и (3) од Законот на енергетика*, од страна на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика).

Член 2
**Опфат на примена**

(1) Овој правилник се применува на барањата доставени од страна на учесници на пазарот, за увид во податоци за остварени трансакции на пазарот на електрична енергија, доколку со податоците располага Регулаторната комисија за енергетика, добиени согласно член 174 од Законот за енергетика*.

(2) Податоците опфатени во овој Правилник се:

1) податоци на производителот, снабдувачот, трговецот на електрична енергија, како и снабдувачот во краен случај за сите нивни трансакции за купопродажба на електрична енергија и деривати, вклучително и деривативи на финансискиот пазар, со купувачите на големо како и со операторот на електропреносниот систем, електродистрибуцитвниот систем или операторот на пазарот за електрична енергија остварени во последните пет години.

2) податоци поврзани со сите реализирани трансакции на Универзалниот снабдувач од денот на неговото регистрирање како учесник на пазарот на електрична енергија.

(3) Овој правилник не уредува:

1) обврска за доставување податоци,

2) сопственост над податоците,

3) постапки за поднесување барања,

4) надоместоци, надзор или спроведување и

5) заштита на лични податоци или заштита на конкуренцијата, кои се уредени со посебни закони.

Член 3

**Барање за увид**

(1) Регулаторната комисија за енергетика ги става на располагање доставените податоци на учесниците на пазарот, врз основа на писмено барање од учесникот на пазарот.

(2) Барањето од став (1) на овој член содржи:

1) идентификација на подносителот,

2) категорија и опфат на бараните податоци,

3) цел и намена на користење на податоците и

4) изјава за имплементирање на мерки за заштита на податоци.

Член 4

**Критериуми за овозможување увид**

(1) Регулаторната комисија за енергетика, по барање на учесник на пазарот може да овозможи увид во податоци доставени согласно член 174 ставови (1), (2) и (3) од Законот за енергетика*, само доколку се исполнети сите следни критериуми:

1) барањето ги содржи сите елементи утврдени во член 3 став (2) на овој правилник,

2) бараниот увид не резултира со откривање на деловно чувствителни информации поврзани со поединечни учесници на пазарот или поединечни трансакции,

3) опфатот на податоците за кои се одобрува пристап е ограничен на она што е неопходно за обезбедување транспарентност и надзор на пазарот, согласно член 174 став (5) од Законот за енергетика*,

4) категоријата и опфатот на бараните податоци е во рамки на видот на податоците кои се доставуваат до Регулаторната комисија за енергетика согласно член 174 ставови (1), (2) и (3) од Законот за енергетика* и

5) пристапот до податоците не ја нарушува конкуренцијата ниту обезбедува неоправдана конкурентска предност на кој било учесник на пазарот.

Член 5

**Еднакво постапување со учесниците на пазарот**

(1) При одобрување на барањето за увид во податоци, Регулаторната комисија за енергетика обезбедува еднакво и недискриминаторско постапување со учесниците на пазарот кои се наоѓаат во споредливи правни и фактички ситуации.

(2) Еднаквото постапување не ја обврзува Регулаторната комисија за енергетика да одобри пристап до податоци доколку таквиот пристап е спротивен на некој од критериумите утврдени во член 4 од овој правилник.

Член 6

**Форма на пристап**

(1) Пристапот до податоците се одобрува исклучиво во форма на увид, без право на копирање, пренесување, репродукција или понатамошно откривање на податоците.

(2) Податоците се обезбедуваат во агрегирана, анонимизирана или на друг начин неидентификувачка форма, кога тоа е неопходно за да се спречи идентификација на конкретни учесници на пазарот или трансакции.

Член 7

**Завршна одредба**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

Бр. 01-387/1
12 март 2026 година
Скопје

Заменик претседател,
**Лирим Сулејмани,** с.р.